ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 15 април 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Работна посета на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева - Змејкова на Прилеп, Кавадарци и Неготино

Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Паранарџиева-Змејкова во Кавадарци ја одржа четвртата од четиринаесетте работилници наменети за пензионерите за едукација на нивните права од здравствено осигурување, како и едукација за определени здравствени програми кои ги финансира ФЗОМ. Едукативните работилници, согласно претходно утврдена агенда, Фондот ги организира во соработка со Сојузот на здруженија на пензионери и со Црвениот крст на Македонија. Овие едукативни работилници имаат за цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за правата од здравствено осигурување, како и за превенција на нивното здравје за трите најчести незаразни заболувања (кардиолошки, нефролошки заболувања и дијабетес).





Директорката Парнарџиева-Змејкова потоа оствари работна среба и во општата болницата Борка Талески во Прилеп каде имаше можност лично да се увери како функционираат новите методи  за снимање на остеопороза, како и апаратот за ПРП (терапија со плазма збогатена со тромбоцити, или автотрансплантација), при што директорот на болницата, д-р. Илија Богатоновски изрази задоволство дека отсега овие услуги ќе им бидат достапни на пациентите кои гравитираат кон општина Прилеп.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Со својот тим, директорката Парнарџиева-Змејкова оствари работен состанок со вработените на подрачната служба на Фондот за здравствено осигурвање – Неготино, при што беше детално информирана за тековните активности што се преземаат во насока на остварување на правата на осигурениците од овој регион.

